**ЗАКЛУЧОЦИ**
**усвоени на**
**седмиот состанок**
**на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржан на 24.10.2014**

**<u>Балажоски v. РМ, (А. 45117/08 ) пресуда од 25 април 2013</u>**

1. Врховниот суд на РМ преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП, во рок од 15 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, во однос на тоа дали апликантот поднел предлог за повторување на граѓанската постапка во однос на која ЕСЧП со пресудата Балажоски v. РМ констатираше повреда на ЕКЧП, како и за евентуалната одлука во однос на таквиот предлог, која пропратно треба да биде доставена во фотокопија.

2. Се препорачува на Врховниот суд на РМ при повторното разгледување и одлучување по предметот, доколку истото е побарано и дозволено од страна на судот, особено да го има во предвид становиштето на ЕСЧП изразено во параграф 39 од пресудата на истиот.

**<u>Миладинов и др. v. РМ, (А. бр. 46398/09, 50570/09, 50576/09) пресуда од 24 април 2014</u>**

1. Се препорачува Министерството за правда во рок од 3 месеци да ја информира Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, во однос на предложените измени и дополнувања на ЗКП, а кои ќе произлезат од Анализата за можните области во однос на мерката притвор кои бараат подобрување во огласност со ЕКЧП и судската пракса на ЕСЧП, доставена до Владата на РМ, во светло на пресудата Миладинов и др. v. РМ.

2. Се препорачува АСЈО во програмата за континуирана обука на сите судии кои постапуваат по мерките за обезбедување присуство, и јавните обвинители, како задолжителна да ја предвиди обуката во врска со членот 5 од ЕКЧП и за тоа во рок од 2 месеци да ја информира Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

**<u>Душко Ивановски v. РМ, (А. бр. 10718/05) пресуда од 24 април 2014</u>**

1. Основниот суд Скопје I Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 15 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, во однос на тоа дали апликантот поднел предлог за повторување на кривичната постапка во однос на која ЕСЧП со пресудата Ивановски v. РМ констатираше повреда на ЕКЧП, како и за евентуалната одлука во однос на таквиот предлог, која пропратно треба да биде доставена во фотокопија.

2. Се препорачува на Основниот суд Скопје I Скопје при повторното разгледување и одлучување по предметот, доколку истото е побарано и дозволено од страна на судот, особено да го има во предвид становиштето на ЕСЧП изразено во параграф 64 од пресудата на истиот.

**Поповски v. РМ, (А. бр. 12316/07 ) пресуда од 31 октомври 2013**

1. Основниот суд Скопје I Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 15 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, во однос на тоа дали апликантот поднел предлог за повторување на кривичната постапка во однос на која ЕСЧП со пресудата Поповски v. РМ констатираше повреда на ЕКЧП, како и за евентуалната одлука во однос на таквиот предлог, која пропратно треба да биде доставена во фотокопија.

2. Основниот суд Скопје II Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 15 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, во однос на тоа дали апликантот поднел тужба за утрдување на граѓанска одговорност за клевета и/или навреда и надомест на штета, во врска со предметот на неговото барање пред Основниот суд Скопје I Скопје.

**Пападакис v. РМ, (А. бр. 50254/07) пресуда од 26 февруари 2013**

1. Основниот суд Скопје I Скопје, во рок од 2 месеци преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за видот на индивидуални мерки кои се планираат да се преземат во насока на извршување на пресудата на ЕСЧП во случајот Пападакис v. РМ, а во светло на фактот дека е одбиено барањето за повторување на кривичната постапка поднесено од страна на апликантот, врз основа на споменатата пресуда на ЕСЧП.

**Стоилковска v. РМ, (А. бр. 29784/07) пресуда од 18 јули 2013**

1. Се препорачува на Врховниот суд на РМ во соработка со апелационите судови во државата во рок од 3 месеци да подготват анализа и да препорачаат решенија за надминување на проблемот со случаите на невоедначена судска пракса и истата да ја достават до Меѓуресорската комисија.

**Јанкуловски v. РМ, (А. бр. 6906/03) пресуда од 3 јули 2008**

1. Основниот суд во Битола и Основниот суд во Штип во рок од 30 дена преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за преземените и планираните мерки во насока на целосно извршување на пресудата на ЕСЧП во случајот Јанкуловски v. РМ.

В.Д. Директор на Бирото за
застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
d-r Adnan Jashari